РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-123/3
17-02-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 28 - та, одржана на 17.02.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 09-3460/1 од 29.12.2025 година, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани наводи кои укажуваат на незаконити дејствија на пријавеното лице при вршење на неговите службени должности.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава од познат подносител оформен е предмет број 09-3460/1 од 29.12.2025 година со наводи за сериозни и основани сомневања за судир на интереси, злоупотреба на службена положба и незаконско користење на јавни средства кај службеното лице _______________, претседател на Советот на општина ____________ избрана на Локалните избори 2025 година и вработена во _______________ на работно место Раководител на сектор ________.
Имено, службеното лице _________ од месец април – мај, а и до денот на поднесувањето на пријавата, во континуитет користи породилно / трудничко боледување како вработена во државна компанија АС ______________. Истата била активен учесник и носител на листа во изборна кампања за локални избори, во мометот е актуелен советник и претседател на Советот на општина _________, остварува паричен паушал и други надоместоци од општина Неготино и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

истовремено користи надомест од Фондот за здравствено осигурување по основ на боледување. Согласно пријавителот таа се наоѓа во директен и прикриен судир на интереси, незаконски користи бенефиции од повеќе јавни извори и се стекнува со противправна имотна корист.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК утврди дека во конкретниот случај Државната комисија не може да покрене постапка за утврдување на постоење на судир на интереси согласно член 76 став (1) од истиот закон бидејќи во пријавата не постојат такви наводи или укажувања за незаконски или недозволени дејствија на службени лица при вршење на јавните овластувања и службени должности, за да утврди дека постои состојба на судир на интереси во смисла на членот 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси или постапување спротивно на забраните за вршење на други дејности предвидени со член 44 од истиот Закон.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК :
Изработил: м-р Б.К -виш соработник
Контролирал: К.З., раководител на сектор